# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр.9/2018 12.07.2018 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Правилникј за условите и начинот за вршење автотакси превоз на патници во општина Неготино**

Се објавува Правилник за условите и начинот за вршење автотакси превоз на патници во општина Неготино, што Советот на општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден 10.07.2018 година.

Бр.09-349/1
12.07.2018 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков**

Врз основа на член 54 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ број 68/2004, 127/2006, 114/2009, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16 и 64/18), и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/02), Советот на општина Неготино на Седницата одржана на ден 10.07.2018 година донесе :

# П Р А В И Л Н И К
## За условите и начинот за вршење автотакси превоз на патници во општина Неготино

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

**член 1**

Со овој Правилник се уредува локацијата и капацитетите на такси станиците, обележувањето и опремувањето на такси станиците, боја на возоилата, унифицирани ознаки и опрема на такси возилото, тарифата и начинот на користење на такси станиците во општина Неготино и максимален број на такси возила со кои може да се врши авто такси прецоз на патници.

**член 2**

Како локации за такси станици за авто-такси возила се определени и утврдени со следниот капацитет:

Како локаци за такси станици за автотакси возила се определени со следниот капацитет:

| Р.бр. | Име на такси станица | Локација на такси станица | Капац. На ТС |
|---|---|---|---|
| 1 | “Центар” | ул.”Партизанска” | 16 |
| 2 | “Музејот” | ул.”МаршалТито” | 4 |
| 3 | “Автобуска” | Ул.”Индустриска” | 4 |
| 4 | “Железничка” | Ул.”Индустриска” | 3 |
| 5 | “Болница’ | Ул.”Вељко Влаховиќ” | 4 |
| 6 | “Собрание” | Ул.”Ставре Ставрев” | 2 |
| 7 | “Завод за вработување” | Ул.”Пекарев” | 8 |
| 8 | “Тимјанички згради” | Ул.”Фемо Кулаков” | 4 |
| 9 | “Саат кула “ | Ул.”Петар Демирски” | 4 |
| 10 | “Црквата” | Ул.”Партизанска” | 2 |
| 11 | “Градски Гробишта” | Ул.”Партизанска” | 5 |

## II. ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ТАКСИ СТАНИЦАТА

**член 3**

Такси станицата се обележува со известителна табла и со ознака за обележување на површината наменета за паркирање на такси возилата.

**член 4**

Известителната табла содржи натпис “TAXI”, а под него текстот “ТАКСИ СТАНИЦА” испишано на македонски јазик со кирилско писмо.

Таблата од став 1 на овој став 1 на овој член има облик на правоаголник со димензии 900 x 600мм, со основна сина боја, натписот “TAXI” и оквирната линија се во бела боја, а буквите на текстот се со црна боја.

**член 5**

На површината на такси станицата мора да бидат обележани со стандардни ленти и штрафти за онолку места за паркирање на такси возила за колку што е капацитетот на такси станицата.

На површината на секое обележано место за стоење на такси возилото се испишува ознака “TAXI “

Лентите за обележување на местата за стоење на автотакси возилата и буквите на ознаките “TAXI “ се со жолта боја.

**член 6**

Трошоците за обележување, опремување и одржување на автотакси станиците се на терет на општина Неготино, а по барање на здружение на такси превозниците за отварање на нова авто-такси станица трошоците паѓаат на товар на самите подносители.

## III.ОПРЕМУВАЊЕ НА ТАКСИ СТАНИЦА

**член 7**

На такси станицата се поставуваат корпи за отпадоци, а може да се постави и друга урбана опрема (настрешница,клупи за седење,телефонска говорница .).

Потребниот број на корпи на една такси станица зависи од капацитетот и видот на паркирање.

По една корпа за отпадоци се утврдува за:

- капацитет од 3 такси возила при надолжно паркирање;
- капацитет од 5 такси возила при нормално и косо паркрање.

## IV. БОЈА НА ВОЗИЛАТА

**член 8**

Бојата на возилата со кои се врши авто такси превоз на патници е основната боја на возилото, само што предниот дел од возилото (хаубата) и задниот дел од возилото (багажникот) да бидат обоени со жолта боја или излепени со жолта фолија.

На предните врати од возилото за автотакси превоз на патници на налепница од А4 формат ќе стои Грбот на Општина Неготино во црвена боја. Над грбот ќе стои "ОПШТИНА НЕГОТИНО", а на долниот дел од грбот ќе стои називот на правното лице кое врши автотакси превоз со регистарскиот број на издадената лиценца и печат на општина Неготино. Големината на буквите е 15ммх10мм. Оваа налепница ќе ја издава надлежен орган на општина Неготино кое за таа цел е должно да склучи договор со соодветна графичка фирама која ќе биде единствен изработувач на овие налепници.

На кровот од возилото со кое се врши авто-такси превоз се поставува табла со натпис "TAXI "со жолта основа со црн раб и црни букви. Натписот е еднобразен, осветлен од внатрешната страна и сихронизиран со таксиметарот.

Таблата од претходниот став од овој член е во форма на пресечена пирамида со правоаголна основа со димензии на станите на основата 350х160мм, на горната површина 250х80мм со заоблени

рабови, висина 120мм и дебелина на работ на таблата 15мм. Големината на буквите е 40x70мм со дебелина на буквите 10мм.

## V.ТАРИФА И НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ НА ТАКСИ СТАНИЦИТЕ

**член 9**

На автотакси станиците возилата се паркираат по редот на доаѓање.

Минималниот износ на тарифата односно минималната висина на цената што го наплатуваат авто – такси превозниците при вршење на авто – такси превозот на патници во општина Неготино се утврдува по основ на единствена тарифа и тоа:

1. Заштитна цена до изминати 700 метри ……………………… 40,00 денари

2. За секој нареден изминат километер ………………… 23.00 денари

3. Чекање во траење од 1минута ……….. 5.00 денари

Превознокот е должен во возилото на видно место да ја истакне тарифата.

**член 10**

За користење на паркинг просторот на автотакси станица, авто – такси превозниците ќе плаќаат надоместок во износ од 150,00 денари по возило месечно и тоа за 4 години однапред односно 7.200,00 денари по возило.

**член 11**

Општина Неготино за вршење на авто-такси превоз на патници на подрачјето на општина Неготино ќе издаде Лиценца за автотакси превоз максимум до 76 лиценци за автотакси возила кои ќе поднесат Барање за издавање на лиценца.

Притоа се утврдува листа на чекање за Правни субјекти кои сакат да добијат лиценца за автотакси превоз на патници и тоа изнесува за 10 возила.”

## VI. ЛИЦЕНЦА

**член 12**

За вршење на автотакси превоз на патници во општина Неготино, Градоначалникот издава лиценца и може да ја одземе под услови пропишани со Законот за превоз во патниот сообраќај и Правилникот донесен од Министерот за транспорт и врски.

**член 13**

Лиценцата и изводот од лиценцата се издаваат со рок на важење од 4 години.

Превознокот е должен во возилото на видно место да истакне заверен препис од изводот од лиценцата.

**член 14**

Трошоците во постапката за издавање на лиценцата за вршење на авто-такси превоз на патници поведена по барање на подносителот за добивање на лиценца за авто-такси превоз на патници во општина

Неготино за секоја издадена лиценца на товар на барателот паѓаат следните надоместоци:

| Р.бр. | Надоместок | Висина |
|---|---|---|
| 1. | Надоместок за покривање на трошоците на органот во<br>Водење на постапката на издавање на лиценцата | 950.00 ден. |
| 2. | Надоместок за покривање на трошоците за издавање на Лиценца во препис по возило | 250.00 ден. |
| 3. | Административна такса за Републички буџет за лиценца<br>За авто такси превоз на патници | 3000.00 ден. |
| 4. | Административна такса за поднесување на барање | 250.00 ден |
| 5. | Надоместок за користење на паркинг простор за период од 4 години по возило | 7.200,00 ден. |

За добивање на лиценца, странката мора претходно да приложи доказ за уплатени надоместоци од претходниот став.

## VII . ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**член 15**

Превозниците на кои им е издадена што лиценаца за вршење на автотакси превоз на патници за подрачјето на Општина Неготино се

должни да се усогласат со улсовите утврдени во овој правилник најдоцна до 31.08.2018 година.

**член 16**

Со донесување на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот и постапката за издавање лиценци за вршење на автотакси превоз на патници на општина бр.07-244/11 од 13.03.2006, Одлука за изменување и дополнување на правилникот за начинот, одбележувањето, опремувањето и користењето на такси станиците во општина Неготино бр. 07-764/5 од 15.10.2007 година, Одлука за изменување и дополнување на правилникот за начинот, одбележувањето, опремувањето и користењето на такси станиците во општина Неготино бр. 07-928/15 од 04.12.2007 година, Одлука за изменување и дополнување на правилникот за начинот, одбележувањето, опремувањето и користењето на такси станиците во општина Неготино бр. 07-152/11 од 03.04.2012 година и Одлука за изменување и дополнување на правилникот за начинот, одбележувањето, опремувањето и користењето на такси станиците во општина Неготино бр. 07-437/9 од 13.09.2012 година.

**член 17**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавен во Службен гласник на општина Неготино.

Бр.08-334/3
10.07.2018 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за спроведување на постапките за јавна набавка од страна на општина Неготино за набавка на екстра лесно гориво EL 1 и превоз на учениците во основните и средното општинско училиште од општина Неготино**

Се објавува Одлука за спроведување на постапките за јавна набавка од страна на општина Неготино за набавка на екстра лесно гориво EL 1 и превоз на учениците во основните и средното општинско училиште од општина Неготино , што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 10.07.2018 година.

Бр.09-349/2
12.07.2018 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков**

Врз основа на член 22 став 1 точка 8 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 25 став 1 точка 8 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11,9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 10.07.2018 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**За спроведување на постапките за јавна набавка од страна на општина Неготино за набавка на екстра лесно годиво ЕЛ 1 и превоз на учениците во основните и средното општинско училиште од општина Неготино**

Член 1

Со оваа одлука се утврдува дека општина Неготино ќе ги спроведува постапките за јавна набавка за набавка на екстра лесно годиво ЕЛ 1 и превозот на учениците во општинските основни училишта „ Страшо Пинџур“, „ Гоце Делчев“ и „ Владимир Арсовски“ и средното општинско училиште „Св.Кирил и Методиј“ Неготино.

Член 2

Оваа одлука е со важност до крајот на мандатот на составот на овој совет .

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Неготино“.

Бр.08-334/4<br>10.07.2018

Совет на општина Неготино<br>Претседател<br>Диме Витанов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Заклучок на Советот на општина Неготино за усвојување на Годишниот извештај за работа на Општинското основно музичко училиште ,, Владимир Арсовски,, Неготино во учебната 2017/2018 година.**

Се објавува Заклучок на Советот на општина Неготино за усвојување на Годишниот извештај за работа на Општинското основно музичко училиште ,, Владимир Арсовски,, Неготино во учебната 2017/2018 година, што Советот на општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден 10.07.2018 година.

Бр.09-349/3
12.07.2018 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 33 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр. бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 10.07.2018 година го усвои следниот

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на општина Неготино го усвои Годишниот извештај за работа на Општинското основно музичко училиште „ Владимир Арсовски„ Неготино во учебната 2017/2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.08-334/5
10.07.2018 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Решение за доделување на еднократна парична помош**

Се објавува Решение за доделување на еднократна парична помош, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 10.07.2018 година.

Бр.09-349/4
12.07.2018 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 10.07.2018 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За доделување на еднократна парична помош**

Член 1

Се доделува еднократна парична помош на :

- Весна Мојсовска од с.Тимјаник во износ од 20.000,оо денари
- Бојан Илиев од Нрготино во износ од 10.000,оо денари
- Колева Цветанка од Неготино во износ од 10.000,оо денари
- Фудбалски клуб ПОЛЕТ од с.Тремник во износ од 20.000,оо денари

Член 2

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на општина Неготино“.

Бр.08-334/6
10.07.2018 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решение за избор на член на Советот на општина Неготино да одлучува во постапката за јавна набавка на Општина Неготино согласно одлука за јавна набавка на услуги бр.05-311/1 од 18.06. 2018 година**

Се објавува Решение за избор на член на Советот на општина Неготино да одлучува во постапката за јавна набавка на Општина Неготино согласно одлука за јавна набавка на услуги бр.05-311/1 од 18.06. 2018 година

што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 25.06.2018 година.

Бр.09-325/5
12.07.2018 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков**

Врз основа на член 36 ст. 15 и чл. 53 ст.4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), Советот на општина Неготино на ден 10.07.2018 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За избор на член на Советот на општина Неготино да одлучува во постапката за јавна набавка на Општина Неготино согласно одлука за јавна набавка на услуги бр.05-311/1 од 18.06. 2018 година**

**Член 1**

Членот на советот на општина Неготино , Борче Коцев се избира да одлучува во постапката за јавна набавка на Општина Неготино согласно одлука за јавна набавка на услуги бр.05-311/1 од 18.06.2018 година за давање на услуги – Заловување и третирање на кучиња скитници за период од 1 година, за потребите на Општина Неготино (БПП 23/2018), до завршување на истата со потпишување на договор за набавка на услуги, а заради постоење судир на интереси. .

**Член 2**

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Неготино“ .

Бр.08-334/7
10.07.2018 година

Совет на општина Неготино
Претседател,
Диме Витанов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решение за давање на согласност на Годишниот план за вработување за 2018 година на ЈП Комуналец Неготино**

Се објавува Решение за давање на согласност на Годишниот план за вработување за 2018 година на ЈП Комуналец Неготино, што Советот на општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден 10.07.2018 година.

Бр.09-325/6
12.07.2018 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков**

Врз основа на член 20-б став 2 точка 15 од Законот вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ„ бр.27/2014, 199/2014 и 27/2016) и член 79 став 1 точка 31 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 10.07.2018 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За давање на согласност на Годишниот план за вработување за 2018 година на ЈП Комуналец Неготино**

Член 1

СЕ ДАВА согласност на Годишниот план за вработување за 2018 година на ЈП Комуналец Неготино со бр.02-294/3 од 09.07.2018 година.

Член 2

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр. 08-334/8
10.07.2018

Совет на општина Неготино
Претседател,
Диме Витанов

Врз основа на чл. 50 ст.1 т. 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник бр. 5/2002) и чл.11 ст.2 и ст.7 од Законот за музеите (Сл. весник бр. 66/04, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15, 39/16) Градоначалникот на Општина Неготино, по Предлог на Комисијата формирана од Управниот одбор на Музеј на град Неготино бр.02-133/4 од 19.06.2018 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За избор на директор на Општинската установа Музеј на град Неготино**

1. **СЕ ИЗБИРА** Драгица Чекорова за Директор на Општинската установа Музеј на град Неготино.
2. Мандатот на директор од точка 1 на ова Решение трае 4 (четири) години, сметано од 03.07.2018 година.
3. Решението стапува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на Општина Неготино.

Бр. 09-291/3
Од 03.07.2018

**Градоначалник**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа (,, Сл.весник на РМ,, бр.5/02), член 19-а став 4 и член 24 став 2 од Законот за јавните претпријатија (,, Сл.весник на РМ,, бр.38/96 ....64/18), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За избор на директор на ЈКП,,КОМУНАЛЕЦ,, Неготино**

1.**СЕ ИМЕНУВА Марина Бојаџиева** од Неготино со ЕМБГ 1612971488009, За директор на Јавното комунално претпријатие КОМУНАЛЕЦ Неготино.

2. Мандатот на директорот од точка 1 трае 4 (четири) години.

3. Градоначалникот на Општина Неготино и директорот ќе склучат договор за уредување на односите со јавното претпријатие, во кој поединечно ќе бидат утврдени правата, одговорностите и овластувањата согласно со закон.

4.СЕ ЗАДОЛЖУВА избраниот кандидат во рок од 1(една) година сметано од денот на именувањето да го исполни условот за познавање на англиски јазик согласно чл.23 од Законот за јавните претпријатија. Доколку не го исполни во рокот, му престанува мандатот.

5.Решението стапува на сила од денот на донесувањето и ќе се обја ви во Службен гласник на Општина Неготино.

Бр. 09-235/5
Од 10.07.2018

**Градоначалник**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А
## на Службен гласник бр. 9/2018

1.Заклучок за објавување на Правилникј за условите и начинот за вршење автотакси превоз на патници во општина Неготино

Стр.1

2. Правилникј за условите и начинот за вршење автотакси превоз на патници во општина Неготино

Стр.2-9

3. Заклучок за објавување на Одлука за спроведување на постапките за јавна набавка од страна на општина Неготино за набавка на екстра лесно гориво ЕЛ 1 и превоз на учениците во основните и средното општинско училиште од општина Неготино

Стр.10

4.Одлука за спроведување на постапките за јавна набавка од страна на општина Неготино за набавка на екстра лесно гориво EL 1 и превоз на учениците во основните и средното општинско училиште од општина Неготино

Стр.11

5. Заклучок за објавување на заклучок на Советот на општина Неготино за усвојување на Годишниот извештај за работа на Општинското основно музичко училиште ,, Владимир Арсовски,, Неготино во учебната 2017/2018 година.

Стр. 12

6. Заклучок на Советот на општина Неготино за усвојување на Годишниот извештај за работа на Општинското основно музичко училиште ,, Владимир Арсовски,, Неготино во учебната 2017/2018 година.

Стр. 13

7. Заклучок за објавување Решение за доделување на еднократна парична помош

Стр.14

8. Решение за доделување на еднократна парична помош

Стр.15

9.Заклучок За објавување на Решение за избор на член на Советот на општина Неготино да одлучува во постапката за јавна набавка на Општина Неготино согласно одлука за јавна набавка на услуги бр.05-311/1 од 18.06. 2018 година Стр.16

10. Решение за избор на член на Советот на општина Неготино да одлучува во постапката за јавна набавка на Општина Неготино согласно одлука за јавна набавка на услуги бр.05-311/1 од 18.06. 2018 година

Стр. 17

11.Заклучок за објавување на Решение за давање на согласност на Годишниот план за вработување за 2018 година на ЈП Комуналец Неготино

Стр.18

12.Решение за давање на согласност на Годишниот план за вработување за 2018 година на ЈП Комуналец Неготино

Стр.19

13. Решение за избор на општинската установа музеј на град Неготино

Стр. 20

14. Решение за избор на директор на ЈКП Комуналец Неготино

Стр. 21